**Прилог 1**

**ГРАД СКОПЈЕ**
Бул.Илинден бр.82
Скопје

ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
Бр. Nr. 08-1385/4
07. 02. 2020
СКОПЈЕ-SHKUP

# КОНКУРСНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

**КОНКУРС ЗА ИЗБОР НА ИДЕЈНО АРХИТЕКТОНСКО И ХОРТИКУЛТУРНО РЕШЕНИЕ ЗА ПАРК ВО ОПШТИНА КАРПОШ, ДЕЛ ОД ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 01**

Скопје, февруари 2020 година

**ГРАД СКОПЈЕ распишува**

# КОНКУРС
## за избор на идејно архитектонско и хортикултурно решение за парк во Општина Карпош, дел од Градска Четврт З 01

**Детален опис на предметот на конкурсот е:** Конкурс за избор на идејно архитектонско и хортикултурно решение за парк во Општина Карпош, дел од Градска Четврт З 01, *(согласно графички прилог)*

## ДОГОВОРЕН ОРГАН

Договорен орган е **Град Скопје**, со седиште на Булевар „Илинден" бр.82, 1000 Скопје, телефон за контакт (02) 3297 222, факс: (02) 3297 292, електронска пошта e-mail: javni.nabavki@skopje.gov.mk, лице за контакт: Ели Манчевска и Кристина Диневска.

## КОНКУРСНИ УСЛОВИ

- Конкурсот е општ и анонимен. Право на учество имаат сите правни и физички лица.
- Краен рок за предавање на конкурсните трудови е 16.03.**2020** година до **12:00** часот - Конкурсните трудови се предаваат во Архивата на Град Скопје лоцирана во Одделението за јавни набавки (барака бр.1а);
- Предметот на конкурсот не е делив;
- Секој од учесниците на конкурсот има право да учествува со по еден труд;
- Конкурсните материјали и целата кореспонденција поврзани со конкурсот се пишуваат на македонски јазик.
- Оценувањето на трудовите ќе ги врши Жири комисија.
- Конкурсот не е дел од постапка за доделување на договор за изработка на основен проект.

Трудовите со формат 100см х 70см, се предаваат во затворена обвивка на адресата: Град Скопје, бул. "Илинден" бр.82. со назнака "Конкурс за избор на идејно решение бр. __________;

Пример како треба да биде означена обвивката на трудот:

| | |
|---|---|
| Не отворај | Број на конкурс: __________ |
| Конкурс за избор на идејно архитектонско и хортикултурно решение за парк во Општина Карпош, дел од Градска Четврт 3 01<br>**Град Скопје**<br>**бул. Илинен, бр.82**<br>**1000 Скопје** | |

**КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА КОНКУРСОТ**

**Работа на конкурсната комисија**

- Жири комисијата ќе изврши оценување на конкурсните трудови согласно програмските барања и услови од оваа тендерска документација и ќе ги објави резултатите од конкурсот.

- Резултатите ќе бидат објавени на ист начин на кој е објавен и конкурсот. Авторот на наградениот труд и останатите учесници ќе бидат писмено известени.

- Членовите на Жири комисијата немаат право на учество на конкурсот.

**Минимални услови за утврдување на способност**
Право на учество имаат сите правни и физички лица.

**Критериуми за доделување на награди:**
- Целосно почитување на програмските барања
- Изводливост и одржливост
- Инвентивност во пристапот на обликување
- Економичност на решението
- Задоволување на сите прописи и нормативни акти за проектирање и реконструкција на фасади

## НАГРАДИ И ОТКУПИ

Вредноста на набавката ќе биде распределена во форма на наградите за учесниците на следниот начин:

- Прва награда во бруто износ од 310.000,00 денари,
- Втора награда во бруто износ од 185.000,00 денари,
- Трета награда во бруто износ од 125.000,00 денари,

Со исплатата на наградата за конкурсниот труд распишувачот на конкурсот се стекнува со право сопственост на материјалните права и на употреба на наградените трудови во целост.

Вредноста на наградите се предвидува во бруто.

## ПРЕДМЕТ НА КОНКУРСОТ

Предмет на конкурсот е изработка на идејно архитектонско и хортикултурно решение за парк во Општина Карпош, дел од Градска Четврт З 01.

Детален опис на предметот на конкурсот е: е изработка на идејно архитектонско и хортикултурно решение за парк во Општина Карпош, дел од Градска Четврт З 01.

## ЦЕЛ И ЗАДАЧИ НА КОНКУРСОТ

Цел и предмет на проектната задача е изработка на идејно решение, дизајн на парк со хортикултурно и партерно уредување, осветлување и останата комунална урбана опрема.

Просторот кој е предмет на планирање се наоѓа во Општина Карпош во рамките на Градската четврт "З 01" со граница од западната страна определена со заштитеното бунарско подрачје "Лепенец" и новопланираната сообраќајница "С1„ од исток со новопланираната улица "Љубљанска„ од север со постоечката пешачка патека на кејскиот ѕид на реката Вардар и од југ по новопланираната сообраќајница "С2" и е со вкупна површина од 86.000,00 м2.

## ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

Предложениот дизајн треба се одликува со функционалност и применливост, односно да се дизајнира простор кој во естетска смисла ќе стане препознатлив белег на градот односно ќе го оплемени просторот и со своите содржини ќе ги привлече граѓаните активно да го користат.

Предложениот дизајн треба да одговори на потребите како на граѓаните од стамбените населби кои се наоѓаат во негова непосртдна близина така и на сите граѓани во Градот Скопје, да се вклопи во околината и да ги разубави јавниот простор. Пред се тој, треба да биде корисен, функционален и одржлив преку очекувани оригинални, креативни и иновативни идеи.

Урбаната опрема треба да биде ергономска и да ги задоволува сите корисници, од сите старосни групи, да биде функционална и лесно да се сервисира.Урбаната опрема треба да биде поставена така да биде лесно пристапна и безбедна за употреба и да биде изработена од материјали отпорни на надворешни влијанија.

Сите применети материјали односно дизајнот во целина треба да се карактеризираат со трајност, квалитет и долговечност при експлоатацијата, лесно да се одржува и да е во склад со најсовремените светски стандарди за ваков или сличен тип на објекти.

Како составен дел на овој проект потребно е да се земат во предвид сите технички нормативи за ваков тип на објекти пропишани согласно позитивните законски и подзаконски акти кои ја дефинираат оваа проблематика а особено е потребно да се води сметка за употребливоста на планираното решение од страна на лица со посебни потреби.

**Архитектонски барања**
Дизајнот на паркот треба да ги имплементира следните содржини:

1. **Хортикултурно уредување**
   - ниско, средно и високо зеленило,
   - зелен лавиринт,
   - ботаничка градина на отворено,

2. **Партерно уредување**
   - пешачки патеки,
   - велосипедски патеки,
   - отворена бина,

3. **Урбана опрема**
   - осветлување и илуминација,
   - клупи, корпи, заштитни столпчиња и паркинзи за велосипеди,
   - надстрешници и летниковци,
   - фонтани и чешми,
   - монтажно-демонтажни објекти (покриен шанк)
   - јавни санитарни јазли,

## ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ
Конкурсните трудови терба да се предадат на формат 80см х 60см.
Конкурсните трудови треба да ги содржат следните графички прилози:

**Ситуација**
- Ситуација на објектот во М - 1: 500,

**Основи:**
- Основа на партер М - 1:200,
- Основи на карактеристични делови од паркот М - 1:100,

**Пресеци:**
- Минимум по два каратеристични пресеци (два попречни пресеци и два подолжни пресеци) М - 1:200,
- Пресеци низ карактеристични делови од паркот М - 1:100,

**Изгледи:**

- Четири каратеристични изгледи (од секоја страна на паркот) М - 1:200,

**Детали:**
- Карактеристични детали на партер со спецификација на матерјали М - 1:10 (за сите наброени елементи од точката архитектонски барања),
- Карактеристични детали на урбана опрема со спецификација на матерјали М - 1.10 (за сите наброени елементи од точката архитектонски барања),

**Просторни прикази:**
- 3Д модел со фотомонтажа или макета - по избор на учесниците; (може и двете); На просторните модели да се прикажат предложените матерјали за реализација на паркот;

**Напомена:** Сите графички прилози (ситуационо решение, основи, пресеци, изгледи, детали, 3Д прикази, фотомонтажи) непоходно е да бидат нацртани од страна на учесниците на конкурсот. Конкурсните трудови чија презентација ќе биде направена како колаж од фотографии на веќе изведени (постојни) паркови (реализирани во земјата и странство) нема да бидат земени во разгледување односно комисијата нема да смее да се изјасни по истите и овие трудови ќе бидат дисквалификувани заради повреда на авторски права и плагијат.

**Текстуелен дел претставен на А4 формат во 2 примероци;**
**Истиот треба да содржи:**
- Детален опис на предложениот дизајн на паркот, идејата на авторот, концептот на решението, начинот на изведба, естетски каратеристики, особини на дизјанот на паркот;
- Табела на површини за секоја од содржинте во паркот поодделно,

## КОНКУРСНИ УСЛОВИ

**Опрема на конкурсните трудови:**
Конкурсните трудови содржат графички и текстуален дел.
Графичкиот дел на трудот треба да биде презентиран во формат 100смх70см.

Текстуалниот дел кој претставува техничко образложение на трудот се доставува на А4 формат во еден примерок спакуван во папка. Во прилог на трудот се доставува и дигитален запис од сите прилози во dwg, pdf и jpg формат на ЦД.

Сите графички и текстуални прилози на конкурсниот труд треба да бидат обележени со шифра во горниот десен агол и реден број на страна во долниот десен агол (на секој лист посебно).

Сите прилози (текстуалниот и графички дел) на конкурсниот труд треба да бидат спакувани во посебна **заедничка обвивка** на која ќе пишува:

| | |
|---|---|
| Не отворај | Број на конкурс: ___________ |
| Конкурс за избор на идејно архитектонско и хортикултурно решение за парк во Општина Карпош, дел од Градска Четврт З 01<br><br>**Град Скопје**<br>**бул. Илинен, бр.82.**<br>**Скопје** | |

и да се достави лично во Архивата на Град Скопје лоцирана во Одделение за јавни набавки (барака бр.1) или по пошта на адреса: бул. Илинден бр.82.

Краен рок за доставување на трудовите е 16.03.**2020 година**, до **12:00** часот.

**Во заедничката обвивка на конкурсниот труд се приложува:**

**Список на содржината на трудот** (каде се наведуваат под реден број графичките прилози кои се содржани во трудот) и три затворени коверти од кои едниот е со ознака "**Автор**", другиот со ознака "**Адреса за враќање на трудот**".

- Во пликот 1. со ознака "**Автор**" е името и адресата на авторот (авторите)
- Во пликот 2. со ознака "**Адреса за враќање на трудот**" се наведува адресата за враќање на труд и согласност за јавно објавување на името на авторот на трудот. Трудовите се враќаат единствено до колку се поништи постапката за избор на идејно решение. Во случај да има евалуација на конкурсите, конкурсните трудови останувааат во сопственост на Град Скопје како доказ за извршената евалуација. При ова авторските и матрејалните права ќе бидат целосно почитувани.

## РОКОВИ ЗА ИЗРАБОТКА НА КОНКУРСНОТО РЕШЕНИЕ

- Трудовите се доставуваат лично или се испраќаат по пошта. Крајниот рок за пристигнување на трудовите во **Архивата на Град Скопје** лоцирана во Одделението за јавни набавки (барака бр.1) е 16.03**.2020 година до 12:00 часот**.
- Учесниците на конкурсот имаат право да поставуваат прашања тесно поврзани со програмските барања на конкурсот најкасно до 10.03**.2020 година**.
- Секое прашање, информација, известување и други документи во постапката за спроведување на Конкурсот за избор на идејно решение се испраќаат во писмена форма, по пошта, по факс или со електронски средства, на e-mail адресата: javni.nabavki@skopje.gov.mk.

- Конкурсната комисија ќе ја заврши работата и ќе ги објави резултатите од конкурсот.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

- Со предавањето на конкурсниот труд (идејните решенија) секој учесник ги прифаќа условите на конкурсот,
- Секој учесник поединец или група, може да учествува само со еден труд.
- Распишувачот на конкурсот со доделување на наградите ги откупува авторските права,
- Жири комисијата нема да ги разгледува оние конкурсни трудови коишто ќе пристигнат по предвидениот рок или не се изработени според програмата, подлогите и расписот на конкурсот.
- Членовите на жири комисијата немаат право на учество во овој конкурс,
- Дигиталната 3д подлога за објектот – предмет на овој конкурс се доставени во dwg формат - Прилог 2

**Претседател на Жири комисија**